# ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

## УВОД

Централен регистар (во натамошен текст ЦР) за заштита од неовластен пристап и користење на личните податоци на своите корисници и субјектите за кои чува/обработува податоци, ги превзема сите потребни технички и организациски мерки, согласно: законската регулатива и подзаконските акти кои се однесуваат на заштитата на личните податоци, Правилникот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на ЦР, Политиката за безбедност на информции во ЦР и др. документи донесени во оваа област.

## УПОТРЕБА И ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

- ЦР превзема мерки на тајност и заштита на обработката на личните податоци со примена на технички и организациски мерки со кои се обезбедува:
    - **доверливост -** заштита на информациите од неовластено откривање и пристап;
    - **интегритет –** обезбедување на точност и целисходност на информациите и методите на обработка;
    - **расположивост** – обезбедување пристап на овластените корисници до информациите и информациските системи кога е потребно.
- Личните податоци се собираат за конкретни, јасни и законски утврдени цели и се обработуваат на начин што е во согласност со тие цели;
- ЦР ќе ги даде личните податоци на користење, на со закон утврдени надлежности;
- Обработката на матичниот број на субјектот по претходна согласност на субјектот на личните податоци, за остварување на со закон утврдени права или обврски на субјектот на личните податоци и во други случаи утврдени во Законот за Трговски друштва;
- Објавување на матичниот број на граѓанинот само во согласност со законските прописи;
- Субјектите за кои ЦР чува лични податоци имаат право на увид и исправка на личните податоци кои ги обработува ЦР.

## ЗАШТИТИТА ОД ЗЛОУПОТРЕБИ

ЦР ги превзема сите потребни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци од неовластен пристап како и од нивна злоупотреба, користејќи редовни контроли и најнови технолошки механизми и достигнувања во оваа област.